Република Македонија
Влада на Република Македонија

Влада на
Република Македонија

Канцеларија на
Претседателот на Владата

Бр. ____________

24.07.2015

Бул. Илинден бр.2,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3118 022 лок. 374
Факс: (02) 3116 785
www.vlada.mk

Дејан Бујишиќ
Советник за СДИ
Е-маил: dejanb@primeminister.gov.mk

До
Г-дин Борис Попивода
Заедница на Црногорците во Р. Македонија
Скопје
Р. Македонија

Предмет: Иницијатива за организирање на бизнис форум во Р. Црна Гора

Почитувани,
Би сакал да изразам благодарноста за нашата досегашна соработка и истовремено да изразам иницијатива за одржување на бизнис форум со цел подобрување и зајакнување на бизнис релациите помеѓу двете земји.

Технолошко индустриските развојни зони се основани од страна на Владата на Република Македонија врз основа на концептот за Слободни економски зони, широко распостранет во светот, со цел создавање на нејефикасна бизнис клима во Југоисточна Европа и пошироко. Како резултат на поволностите кои се нудат на инвеститорите преку овој проект, Република Македонија е позната како "New Business Heaven of Europe".

Владата на Република Македонија дава посебни погодности за мултинационалните компании кои започнуваат нова инвестиција или пренесуваат дел од нивните деловни активности во Технолошко - индустриските развојни зони во Република Македонија, како што се: данок на додадена вредност од 0%, данок на добивка и персонален данок за доход од 0% во првите 10 години од работењето, царина за суровина и опрема од 0%, партиципација за трошоците за градење во висина до 500.000 евра и други пакет-поволности.

Покрај 14те технолошко-индустриски развојни зони, во Р. Македонија функционални се и зоните од областа на: туризам, здравствениот сектор, финансискиот сектор.

Ве молам за поддршка за организирање на бизнис форум во Подгорица, Р. Црна Гора, со цел промовирање на поволностите кои ги нуди Владата на Р. Македонија на странските инвеститори, на кој што би присуствувале еминентни компании и нивните претставници од секторите: производство, ИКТ, земјоделство, туризам и други сектори.

Со надеж дека бизнис форумот ќе се одржи во наредните 2 месеци и дека иницијативата ќе ја подобри економската соработка на двете земји.

После успешно реализираниот настан во Р. Црна Гора, Ви стојам на располагање за припрема и реализација на бизнис форум во Р. Македонија, на кој ќе земат учество фирми и нивни претставници од

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009
SGS

бизнис заедницата во Р. Македонија, а со цел да се информираат со поволностите кои ги нуди Р. Црна Гора на странските инвеститори.

Срдечно Ве поздравувам

Со почит,

Дејан Бујишиќ
Советник за СДИ при кабинетот на Претседателот на Владата на Р. Македонија